# "Ветер во носот, земја и трева под нозете, грижа за своите младенчиња тие никогаш нема да почувствуваат .."

**Нека не ве залажуваааt термините хумано, модернизирано, европски стандардизирано одгледување на животни.**

Се помалку крави по зелените ливади, се помалку прасиња и кокошки кои весело трчкаат по дворовите на домаќинските куќи - денес "фармските " животни преживуваат животни на зомби.

Паралелниот свет на ужас кој се случува на сите модерни фарми, на кои се огледуваат животни за секакви можни намени и задоволување на сите наши конзументски потреби, како никогаш до сега се експолатирани и злоставувани.

Не постои хуман затвор во кој на живо битие му е забрането движење, ограничено вршење на природните потреби, и пред самото раѓање животот им е веќе испланиран на парчиња, од суштество наречено човек. Во тие тамници нема извор на светлина, нема контакт со своите младенчиња, нема движење и функционирање според природниот вид.во тие логори се е однапред механички предодредено зошто нивниот живот не значи ништо и никој не го засега нивната несреќа, тага и страв. Тие живи битија се "одгледувани" во функција и за задоволување на потребите на човекот - ветер во носот, земја и трева под нозете, грижа за своите младенчиња тие никогаш нема да почувствуваат.

***Вегетаријанство  и Веганство зошто и тие чувствуваат физичка болка, страв, тага, љубов и  грижа кон младенчињата и сакаат да живеат.***

***Вегетаријанство и Веганство зошто и нивниот живот вреди, а овие неправди не смеат да останат скриени и подмолно премолчени.***

***Вегетаријанство и Веганство зошто  секој еден од нас ја прави разликата  за едно подобро и похумано утре - како за луѓето, така и за животните!***